Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Деведесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 30 јули 2021 година**

**Скопје, јули 2021 година**

**З А П И С Н И К**
**од Деведесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 30 јули 2021 година**

Седницата започна во 20:30 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси и Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата: м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за образование и наука, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, како и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и Илхан Рахман, заменик на министерот за политички систем и односи меѓу заедниците, д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии, Трајан Димковски, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за локална самоуправа, Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски, како и Калинка Габер, државен секретар во Секретаријатот за европски прашања.

На седницата присуствуваше и Сања Томовска, заменик нотар.

Од седницата отсуствуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците и м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања и членовите на Владата м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и Благој Бочварски, министер за транспорт и врски.

*

*        *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Тарифник за утврдување на висината на надоместоците што ги наплатува Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука

2. Информација со Правилник за инструментот за поддршка: Кофинансирани грантови за комерцијализација на иновации, со Предлог-одлука

3. Предлог-одлука за утврдување на висината на трошоците за акредитација и надоместоците за работа на надворешните оценувачи

4. Информација за реализација на проектот за реконструкција на спортска сала Партизан, Општина Карпош

5. Предлог-програма за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на спортски објекти за 2021 година

6. Информација за продажба на одземен недвижен имот на прво јавно наддавање, со Предлог-одлука

7. Информација за донесување на Одлука за давање на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Агенцијата за управување со одземен имот и Одлука за утврдување на работите од премерот во функција на запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија

8. Предлог-одлука за продажба на движна ствар

9. Барање согласност за донесување на измена на Планот за намена и распределба на капацитети дигитален терестријален мултиплекс на оператор на јавна електронска комуникациска мрежа кој има обврска за емитување на програмските сервиси на радиодифузерите

10. Информација за донесување на Одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта

11. Информација во врска со потребата од донесување на одлука за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за изградба на објекти од јавен интерес утврдени со закон и тоа за ново предвидена трафостаница и тоа во Зона Север во Струмица, каде урбанистичката парцела за трафостаница ќе се нумерира како дел од КП бр. 6511 во КО Струмица, (нов КП бр. 6511/2 КО Струмица, во површина од 81 $м^2$), со Предлог-одлука

12. Информација за давање на согласност за отпочнување на постапка за јавно приватно партнерство за изградба на катна гаража во Општина Охрид

13. Барање за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за изградба на објекти од јавен интерес утврден со закон (КП бр. 4129/1 КО Мислешево), со Предлог-одлука

14. Барање за финансирање на проектот „Реконструкција и доградба на постоен пат од м. в. Порта до м. в. Мечкин Камен, Општина Крушево“

15. Барање за доделување на објект во трајна сопственост

16. Предлог-одлука за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Општина Куманово

17. Барање на мислење за постапување и примена на Законот за градежно земјиште

18. Барање за донесување одлука за отуѓување на градежно земјиште со непосредна спогодба, со Предлог-одлука

19. Барање за давање на правото на трајно користење на недвижна ствар на Општина Градско, со Предлог-одлука

20. Информација за постапка за продажба на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија наменето за изградба на објекти од јавен интерес, со Предлог-одлука

21. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Општина Штип

22. Информација во врска со барање согласност за префрлање на вишок на средства од сметка за блок дотации на сметката на Основниот Буџет на Општина Прилеп за 2021 година, со Одлука од Советот на Општина Прилеп (вкупно 60. 000. 000,00 денари за основно и средно образование и детски градинки)

23. Предлог-одлука за давање на согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија со непосредна спогодба на ЕВН Македонија, АД Скопје за изградба на објекти од јавен интерес (изградба на електроенергетски објект-Трафостаница во Индустриска зона Раброво, Општина Валандово)

24. Информација за давање на согласност за размена на градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија, со градежно земјиште во сопственост на физичко лице, на кое е предвидено изградба на објект од јавен интерес-станбена улица, планирана со Урбанистички план за село Илинден, Марино и дело од КО Кадино, Блок 32, која е од локално значење утврден со закон, со Предлог-одлука

25. Програма за изменување на Годишната инвестициона програма на ЈП ХС „Злетовица“ Пробиштип за 2021 година, со Предлог-одлука

26. Информација за продажба на одземен недвижен имот на прво јавно наддавање, со Предлог-одлука (КП број 2187 КО Радишани)

27. Информација за продажба на одземен недвижен имот на прво јавно наддавање, со Предлог-одлука (КП 13231 КО Тетово 3)

28. Информација за отстапување без надомест на одземен недвижен имот со правосилна пресуда, со Предлог-одлука (КП број 12079 КО Центар)

29. Предлог - одлука за давање на времено користење на недвижна ствар на Општина Прилеп

30. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје (Имотен лист бр. 94557, КО Охрид 2, на КП бр. 11144)

31. Предлог-одлука за продажба на деловни простории со кои стопанисува Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје

32. Предлог-одлука за определување месечен паушал на неизвршните членови на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје

33. Предлог-одлука за утврдување на висината на месечниот надоместок на членовите на Управниот одбор на Агенција за промоција и поддршка на туризмот

34. Информација за определување на висината на месечниот надоместок на членовите на Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони

35. Предлог-одлука за продажба на движни ствари (патнички моторни возила)

36. Предлог-одлука за продажба на движни ствари (возила)

37. Финансиски план за изменување и дополнување на Финансискиот план на Централниот регистар на Република Северна Македонија за 2021 година, со Предлог-одлука

38. Предлог-одлука за продажба на движна ствар; Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на електронски отпад на Апелационен суд Скопје и Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање или транспортирање, преработка рециклирање и уништување на отпад на Апелационен суд Скопје

39. Согласност на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, изградба, финансирање, стопанисување и пренос на капацитети за флаширање на вода за комерцијални потреби бр. 02-1040/1-3 од 23. 06. 2021 година, донесена од Управниот одбор на ЈП за водоснабдување "Студенчица" Кичево

40. Согласност на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, изградба, финансирање, стопанисување и пренос на 2 (две) мали хидроцентрали, на регионалниот водоснабдителен систем „Студенчица" -Кичево бр. 02-1040/1-4 од 23. 06. 2021 година донесена од управниот одбор на ЈП Студенчица Кичево

41. Информација за проектот - Ревитализација на големи хидроелектрани (ГХЕ) III фаза во сопственост на Акционерско друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје

42. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за начинот на утврдување на максималните количини и вредности на загубите во поглед на хемиските и физичките својства на стоката преку кало, растур, кршење, расипување и евапорација во работењето со стоковните резерви

43. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за утврдување на висината на надоместокот на трошоци на складиштарите за складирање, чување и обновување на стоковните резерви

44. Информација со Предлог-одлуки за давање на согласност на Спогодби за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјекти кои вршат дејност во заштитено подрачје-Прошетка на посетители во Националниот парк Галичица, со превозно средство – чамец - без мотор во Св. Наум

45. Информација со Предлог-одлуки за давање на согласност на Спогодби за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјекти кои вршат дејност во заштитено подрачје-Националниот парк Галичица, прошетка на посетители со превозни средства АТВ-четириколки

46. Информација со Предлог-одлука за давање на согласност на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитено подрачје Национален парк Галичица, угостителска дејност на сплавови во Извориште кај Св. Наум

47. Предлог-одлука за продажба на движни ствари (болнички кревети)

48. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Јавно претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на Република Северна Македонија

49. Информација за давање согласност за користење деловен простор под закуп на Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачје Кичево ДП 02-429/20

50. Информација во врска со Решението за утврдување на правото за остварување на плата по престанувањето на функцијата бр. 14-559/7 од 30 март 2021 година, со Дополнување и Предлог-одлуки

51. Барање дозвола за вклучување на ТЕ Осломеј

52. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари (патнички моторни возила)

53. Предлог-програма за изменување на Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2021 година

54. Известување за добивање согласност за додавање на дејност во регистрацијата,доставено од КПУ Затвор Скопје-Скопје под бр. 0306-3127/3 од 2. 7. 2020 година

55. Информација за реализација на твининг проект ИПА 2016 Јакнење на координативните капацитети за превенција и борба проти насилниот екстремизам и тероризам

56. Информација за поддршка од САД во реконструкција на објект на Центарот за управување со кризи во Куманово, а со цел воспоставување на Центар за обука

57. Информација за распишување на Јавен повик бр. 01/21 за доставување на понуди за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост до 3 хектари, со Предлог-решение

58. Информација за распишување на Јавен повик бр. 02/21 за доставување на понуди за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост до 3 хектари, со Предлог-решение

59. Информација за распишување на Јавен повик бр. 03/21 за доставување на понуди за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост до три хектари, со Предлог-решение

60. Информација за распишување на Јавниот повик бр. 04/21 за доставување на понуди за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост до три хектари, со Предлог-решение

61. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој

62. Предлог-програма за изменување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2021 година

63. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2021 година

64. Предлог-програма за изменување на Програмата за фитосанитарна политика во 2021 година

65. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за проширена репродукција на шумите за 2021 година

66. Барање на согласност за префрлање на вишок на средства од сметката за Наменска дотација на основниот буџет на Општина Долнени за 2021 година (8. 000. 000,00 денари од наменска дотација за средно образование во наменска дотација за основно образование), со нови одлуки на Советот на Општина Долнени

67. Информација за работата на Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди во периодот од 23. 3 - 13. 7. 2021 година

68. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Ново Село за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација и Е-инфраструктура КО Ново Село Драчево, Општина Зелениково, со Предлог-одлука

69. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Таор за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација, Е-инфраструктура КО Таор, Општина Зелениково, со Предлог-одлука

70. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г2-лесна незагадувачка индустрија (рибник) КО Горно Врановце, Општина Чашка со Предлог-одлука

71. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на електроенергетска инфраструктура и пристапен пат за пристап до планирана фотонапонска електроцентрала на локација Осломеј, КО Србица вон град и КО Осломеј, Општина Кичево, со Предлог-одлука

72. Иницијатива од ЈПКД „Комуналец" Струмица за отпишување на стар долг према АД Водостопанство на Република Северна Македонија

73. Информација за потребата од подготовка на Анекс за изменување на Анексот 1: Матрица за стратешки мониторинг на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021-2026 година, со Анекс за изменување на Анексот 1: Матрица за стратешки мониторинг на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021-2026 година

74. Информација за распределба на средствата од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, Раздел 19101 - Министерство за локална самоуправа, Програма 4 - Активности поврзани со децентрализација. Потпрограма 40 - Активности поврзани со децентрализација, Категорија 46, Ставка 464 - Разни трансфери наменети за поддршка на имплементацијата на локалните акциски планови во единиците на локална самоуправа

75. Информација за потребата од имплементација на втора фаза на Проектот "Зајакнување на општинските совети" кој ќе се спроведува од страна на Програмата за развој на Обединети Нации (УНДП) во соработка со Министерството за локална самоуправа и Министерството за финансии, а кој е поддржан од страна на Владата на Швајцарската конфедерација, претставувана од Амбасадата на Швајцарија во Република Северна Македонија/Швајцарска Агенција за развој и соработка (СДЦ)

76. Информација во врска со Одлуката за распределба на средства остварени по основ на надоместок за производство на енергија од фосилни горива како наменски дотации на општините за 2020 година, со Предлог-одлука

77. Информација со Предлог-одлука за распределба на средствата остварени по основ на надоместок за производвство на енергија од фосилни горива како наменски дотации на општините за 2021 година

78. Информација за изработка на урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на регионална депонија за Полошки Регион- Русино, Општина Гостивар

79. Информација за состојбата со хидросистемот „Дојранско Езеро“, капиталните и оперативни трошоци за санација и работење, како и потребата за промена на институционалниот статус на хидросистемот, со Предлог-одлука

80. Информација со компаративна анализа на степенот на загадување на животната средина предизвикано од користењето на електрични и хибридни возила (еколошки возила), споредено со степенот на загадување на животната средина предизвикано од користењето на стандардни возила (дизел, бензин)

81. Информација за донесување на Долгорочна стратегија за климатска акција, со Акциски план

82. Годишен извештај за работење на Агенцијата за планирање на просторот во 2020 година

83. Информација за работата на Државниот автоматски мониторинг систем за квалитет на амбиентен воздух

84. Информација во врска со одржување Годишно собрание на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп, закажано за 10. 8. 2021 година

85. Информација во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – варовник на локалитетот „Краста“ с. Бешиште Општина Прилеп, со Предлог-одлука

86. Информација во врска со поднесеното барање за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - метални минерални суровини на локалитетот „с. Коњско” Општина Гевгелија и Општина Кавадарци на Друштвото за производство, трговија и услуги Резервоар минералс Македонија ДООЕЛ Скопје, со Предлог-одлука

87. Информација во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – мермер на локалитетот „Дупен Камен“ с. Беловодица Општина Прилеп, со Предлог-одлука

88. Информација во врска со поднесеното барање за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - метални минерални суровини на локалитетот „Попова Шапка - Дамјан“ Општина Радовиш, Општина Штип и Општина Конче, со Предлог-одлука

89. Информација во врска со постапката по Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина 2/2021, со Предлог-одлука

90. Информација во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина– варовник на локалитетот „Скрка“ с. Дебриште Општина Росоман 5/2021 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 117/21), со Предлог – одлука

91. Информација во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – варовник на локалитетот „Мирковец“ Општина Василево 4/2021 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 86/21), со Предлог – одлука

92. Информација во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – варовник на локалитетот „Острата Скрка“ Општина Струмица 3/2021 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/21), со Предлог – одлука

93. Информација за формирање на Комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - глина на локалитетот „Кадиица“ Општина Ресен, со Предлог-решение

94. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – варовник на Трговското друштво за производство трговија и услуги Аснера 96 ДООЕЛ с. Франгово Струга на локалитетот „Малка“ с. Мали Влај, Општина Струга

95. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на Друштвото за земјоделство, сточарство, производство, трговија, транспорт и услуги Агрогорис ДООЕЛ увоз-извоз Кочани, на локалитетот „Ајдучко Поле 1“, Општина Виница

96. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – фелдспат на Акционерско друштво за неметали Огражден АД Струмица на локалитетот „Дрвош“, Општина Босилово

97. Предлог-одлука за еднostран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – мермер на локалитетот „Рамнобор“ Мариово, Општина Прилеп

98. Предлог-одлука за еднострaн раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – мермер и мермеризиран варовник на локалитетот „Змејова Дупка“ с. Липовиќ, Општина Конче и Радовиш

99. Предлог-одлука за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – кварц на локалитетот „Голубица“ с. Клечовце, Општина Куманово

100. Информација за исполнување на обврските на Република Северна Македонија во врска со Мерката 5 од БЕПС Инклузивната рамка и барањето на Code of conduct групата при Советот на ЕУ (18-3623/1)

101. Предлог-програма за изменување на Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2021 година

102. Предлог-одлука за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „Долна Краста“с Велешта, Општина Струга

103. Предлог-програма за изменување на Програмата за промоција на обновливи извори на енергија и поттикнување на енергетска ефикасност во домаќинствата за 2021 година

104. Предлог-одлука за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „с. Рогле“, Општина Желино

105. Предлог-програма за изменување на Програмата за заштита на ранливи потрошувачи на енергија за 2021 година

106. Предлог-програма за изменување на Програмата за финансиска поддршка за производство на електрична енергија од повластени производители кои користат премија за 2021 година

107. Информација во врска со донесување на Програма за изменување на Програмата за поддршка на домашен туризам за работници со ниски приходи, со Предлог-програма

108. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за висината и начинот на наплатувањето на надоместокот за услугите што ги врши Бирото за метрологија и овластеното правно лице

109. Предлог-решение за изменување на Решението за именување членови и нивни заменици за Комисијата за извоз на стоки и тенологии со двојна употреба

110. Информација во врска со статусот на работата на Работната група за решавање на прашањата поврзани со долгот на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД Скопје кон Хрватски железници Карго и за потребата од негово решавање

111. Информација за потребата од склучување на Амандман бр. 4 на Договорот за заем по проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“ со Европската инвестициона банка

112. Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Кочани

113. Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Кавадарци

114. Информација во врска со Извештајот за книговодствена вредност на работите на аеродромите Меѓународен Аеродром Скопје и „Св. Апостол Павле“ - Охрид заклучно со јуни 2021 година на ТАВ Македонија

115. Информација за реализација на мерките од Акцискиот план за железници, Акцискиот план за олеснување на транспортот, Акцискиот план за патишта и Акцискиот план за безбедноста на патиштата усвоени од Владата на Република Северна Македонија и Министерскиот совет на Транспортната заедница

116. Предлог-програма за изменување на Годишната програма за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Северна Македонија за 2021 година

117. Предлог-програма за начинот, постапката и критериумите за распределба на средства обезбедени во потпрограма 11-Поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите, ставка 488-Капитални дотации до ЕЛС во Буџетот на Министерството за транспорт и врски

118. Предлог-одлука за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година

119. Предлог-одлука за распределба на средства обезбедени во потпрограма 20-Сообраќај и комуникации, ставка 488-Капитални дотации до единиците на локалната самоуправа во буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2021 година

120. Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Штип

121. Предлог-одлука за распределба на средства обезбедени во потпрограма 30-Урбанизам и градежништво, ставка 488-Капитални дотации до ЕЛС во Буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2021 година

122. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Управниот суд на Република Северна Македонија

123. Предлог-одлука за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година (на Јавното претпријатие за државни патишта)

124. Информација за спроведување на ИПА проектот ”Поддршка во спроведување на директивите за квалитет на воздух“

125. Предлог-одлука за основање на Јавна установа за управување на Националниот парк Шар Планина

126. Предлог-одлука за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Агенцијата за цивилно воздухопловство

127. Информација за статус на Централната лабараторијата за животна средина и потребата и условите за акредитација на нови методи

128. Информација за Прогрес Мониторинг за следење на процесот на апроксимација на националното законодаство од областа на животната средина со правото на ЕУ за 2021 година

129. Информација за спроведување на ИПА проектот „Подобрување на спроведувањето на ЕУ Директивата за поплави преку усогласување на националното законодавство и подготовка на Планови за управување со ризици од поплави”

130. Информација за спроведен Јавен повик за финансиска поддршка на компании - оператори од индустријата за организација на настани, агенции кои организираат настани и други, со Предлог-одлука за изменување на Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година

131. Информација за спроведен Јавен повик за финансиска поддршка на лиценцирани туристички агенции, со Предлог-одлука

132. Информација за измена и дополнување на Одлуката за спроведен Јавен повик за финансиска поддршка на: Ресторани и останати објекти за подготовка и послужување на храна; Останати услуги за подготвување и служење на храна; Подготовка и послужување на пијалаци, со Предлог-одлука

133. Информација за спроведен Јавен повик за финансиска поддршка на ноќни клубови со Предлог-одлука

134. Информација за спроведен Јавен повик за финансиска поддршка на категоризирани ресторани за свадби, со Предлог-одлука

135. Информација за правосилност на пресудата на Европскиот суд за човекови права во случајот Проданов против Северна Македонија А. бр. 73087/12

136. Предлог-одлука за отворање на Почесен конзулат на Грузија во Република Северна Македонија со седиште во Скопје

137. Предлог-одлука за давање согласност за именување Почесен конзул на Грузија во Република Северна Македонија со седиште во Скопје

138. Предлог-одлука за спроведување (ЗНБП) 2021/585 на Советот од 12 април 2021 година за спроведување на Одлуката 2011/235/ЗНБП за рестриктивни мерки насочени против одредени лица и субјекти во однос на состојбата во Иран

139. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2020/1483 на Советот од 14 октомври 2020 година за спроведување на Одлуката (ЗНБП) 2015/1333 за рестриктивни мерки во поглед на состојбата во Либија

140. Предлог-одлука за престанок на користење и пренесување на правото на сопственост на недвижни ствари на Општина Ѓорче Петров

141. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за одбрана (КО Берово)

142. Барање на Ахмет Кесер, за прием во државјанство на Република Северна Македонија согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

143. Барање на Суди Озкан, за прием во државјанство на Република Северна Македонија согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

144. Барање на Родољуб Драшковиќ за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

145. Информација за интегрираната платформа за Редослед на клиенти, Резервирај термин за услуга, Оцени го шалтерскиот службеник

146. Информација за Третиот годишен извештај за спроведување на Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација (2018-2022) за 2020 година

147. Информација за правосилноста на пресудата на Европскиот суд за човекови права во случајот Стоименовиќ и Милошевиќ против Северна Македонија А. бр. 59842/14

148. Информација за проектот „Поддршка од ЕУ за спроведување на Стратегијата на ЕУ за Јадранско-јонскиот регион (ЕУСАИР) во Република Северна Македонија", со пропратни материјали

149. Информација по доставено барање одобрение за основање приватна установа за деца – детска градинка „Џунгла" од Карпош, Скопје, со Предлог-одлука

150. Предлог-уредба за методологија за утврдување на критериумите за распределба на блок дотации за јавните установи за деца - детски градинки и центри за ран детски развој во состав на јавни детски градинки по општини за 2022 година

151. Информација за Ревидиран оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2021 година, со Оперативен план

152. Инклузија на деца Роми во предучилишно образование преку системски пристап со вклучување на единиците на локална самоуправа за ослободување од партиципација на деца Роми што се во социјален ризик односно за период 1. 9. 2020-30. 6. 2021 година

153. Информација за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за изградба на Дневен центар за деца со ментална и телесна попреченост во Општина Боговиње

154. Информација за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за проширување на постоечки простор на детска градинка во Општина Росоман

155. Информација за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за изградба на објект за детска градинка во Општина Свети Николе, село Ерџелија

156. Информација за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за реконструкција и адаптација на Дневен центар за лица со телесна или ментална попреченост во Општина Чашка

157. Предлог-програма за изменување на Програмата за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2021 година

158. Предлог-програма за изменување на Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2021 година

159. Предлог-програма за изменување на Програмата за научно-истражувачката дејност за 2021 година

160. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за изградба и реконструкција на основни училишта за 2021 година

161. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за изградба и реконструкција на средни училишта за 2021 година

162. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Браќа Миладиновци“ Штип

163. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Кочо Рацин“ Битола

164. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Скопје“ Скопје (плати)

165. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Народен херој Орде Чопела“ Прилеп (плати)

166. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Никола Карев“ – Охрид (плати)

167. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Пелагонија“ Скопје (плати)

168. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Томе Стефановски Сениќ“ Скопје (плати)

169. Предлог-одлука за доделување на средства на Ученичкиот дом при СОУУД „Димитар Влахов“ Струмица (плати)

170. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот ученички дом „Мирка Гинова“ Битола

171. Предлог-одлука за доделување на средства на ЈУ Ученички дом на Град Скопје „Здравко Цветковски“ Скопје (плати)

172. Предлог-одлука за доделување на средства на Ученичкиот дом при СОУ „Митко Пенџуклински“ Кратово (плати)

173. Предлог-одлука за доделување на средства на Ученичкиот дом „Браќа Миладиновци“ Струга (плати)

174. Предлог-одлука за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Професор Мијалковиќ“ – Куманово (плати)

175. Предлог-одлука за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Лазар Лазаревски “ Велес (плати)

176. Предлог-одлука за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Бранко Станоевиќ“ Гостивар (плати)

177. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кочани (книги)

178. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Здружението Библиотека АЛ-БИ с. Бабино, Општина Демир Хисар (книги)

179. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Службата на Собранието на Република Северна Македонија (книги)

180. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Агенцијата за квалитет во високото образование

181. Предлог-одлука за поништување на постапката за доделување на Договор за воспоставување на јавно-приватно партнерство за изградба на катни монтажни гаражи во Комплекс клиники „Мајка Тереза“ – Скопје

182. Информација за потребата од преземање активности во врска со дигитализацијата на картотеките при Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“, со текст на Меморандум

183. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија, предложен од група пратеници

184. Извештај за работата на Регулаторната комисија за домување за период од 1 јануари до 30 јуни 2021 година

185. Понуда од нотар Фатмир Ајрули од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 3406 за КО Чаир на КП бр. 3612, викано место/улица Алекса Дундиќ

186. Понуда од нотар Мексуд Максуд од Ресен за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 56113 за КО Ресен на КП бр. 3186 на викано место/улица Нијази Бег

187. Понуда од нотар Љиљана Трповска од Тетово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 101816 за КО Тетово 3 на КП бр. 13034 на викано место/улица Град

188. Понуда од нотар Џеват Бучи од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 111355 за КО Кисела Вода 2 на КП бр. 5340 на викано место/улица Хемтекс

189. Понуда од нотар Пане Нацев од Кавадарци за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 3442 за КО Ваташа, на КП бр. 4344, Викано место/улица 12 Другари, со дополнување

190. Понуда од нотар Лазар Козаровски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 1267 за КО Сингелиќ на КП бр. 1613, викано место/улица 1

191. Понуда од нотар Лазар Козаровски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 1267 за КО Сингелиќ на КП бр. 1612/1, викано место/улица Јужноморавски бригади

192. Понуда од нотар Сашо Василевски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 193472 за КО Драчево 2, на КП бр. 7566, Викано место/Велковски Круши

193. Информација за попречување на работа на Народниот правобранител во насока на остварување на уставно и законски за загарантираните права на граѓаните во врска со формирани предмети НП бр. 872/17, НП бр. 1814/17 и НП бр. 2824/17

194. Посебен извештај за попречување на работата до непосредно повисокиот орган

195. Иницијатива поднесена од Љупчо Велковски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У. бр. 77/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 372 став 2 од Законот за парнична постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/2005, 110/2008, 83/2009, 116/2010 и 124/2015)

196. Иницијатива поднесена од адвокат Александар Новаковски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У. бр. 59/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на одредба од Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 302/2020)

197. Иницијатива поднесена од Олгица Трајковска од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У. бр. 8/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Уставниот закон за спроведување на амандманите XXXIII до XXXVI на Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/2019)

198. Иницијатива поднесена од Осигурување Македонија А. Д. Скопје од Скопје, преку полномошник адвокат Игор Спировски, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У. бр. 64/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 205 од Законот за облигационите односи

199. Решение на Уставниот суд на Република Северна Македонија, У. бр. 233/2020 од 28. 04. 2021 година, за поведување на постапка за оценка на уставноста на член 8 став 3 во делот: „кои се избрани од страна на Собранието на Република Северна Македонија“ од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 102/2019)

200. Иницијатива поднесена од Санде Пејоски од Охрид, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У. бр. 75/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на членот 23 од Законот за адвокатурата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2002, 60/2006, 29/2007, 106/2008, 135/2011, 113/2012 и 148/2015)

201. Кадровски прашања

202. Прашања и предлози

203. Информација за бројот на издадени електронски изводи од матичните книги преку Националниот портал за електронски услуги

204. Предлог-одлука за прогласување на дел од Водно за заштитено подрачје од V категорија

205. Извештај за завршени преговори за потпишување на Меморандум за разбирање меѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија и Министерството за политики на земјоделство, прехрана и шумарство на Република Италија за соработка во областа на земјоделството, со текст на Меморандум за разбирање

206. Годишен финансиски извештај, Годишната сметка и Предлог-одлуката за покривање на загубата по годишната сметка на АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2020 година со Извештај од Надзорниот одбор на АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за резултатите од контролата над управувањето со АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2020 година

207. Годишен извештај за финансиското работење на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за периодот од 1. 1. 2020 до 31. 12. 2020 година, со Предлог-одлука

208. Годишна сметка на Акционерско друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2020 година, со Извештај од независниот ревизор и Предлог-одлука

209. Годишна сметка и Годишен извештај за работењето во 2020 година и Ревизорски извештај на независна ревизија на финансиските извештаи на ЈП "Стрежево" Битола

210. Годишна сметка за 2020 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје "ЈАСЕН "-Скопје и Годишниот извештај за работењето со финансиски извештаи за годината што завршува на 31 декември 2020 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје "ЈАСЕН"- Скопје, со предлог одлуки

211. Информација за Годишната сметка на Јавното претпријатие за државни патишта за 2020 година и Извештај за работењето на Јавното претпријатие за државни патишта за 2020 година

212. Барање за одобрување на Годишната сметка за работењето на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје за период од 1. 1. 2020 до 31. 12. 2020 година; Годишен извештај за работењето на Железници на Република Северна Македонија Транспорт Транспорт АД – Скопје за период од 1. 1. 2020 до 31. 12. 2020 година и Финансиски извештај за работењето на Железници на Република Северна Македонија Транспорт Транспорт АД – Скопје за период од 1. 1. 2020 до 31. 12. 2020 година, со Предлог-одлуки

213. Годишен извештај за работењето на ЈП Национална Радиодифузија - Скопје за 2020 година, со Извештај од независниот ревизор и Предлог-одлуки

214. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за покривање на загуба на ЈП „Стрежево" - Битола за 2020 година

215. Информација за донесување на Одлука за намалување на основната главнина на Трговското друштво Нафтовод ДООЕЛ Скопје, Одлука за изменување на Изјавата за основање и Одлука за покривање на загубите на „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје за 2019 година, со Предлог-одлуки

216. Предлог-одлука за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со Годишната програма за финансирање на изработката на урбанистичките планови, урбанистичко-планска документација и урбанистичко-проектна документација за 2021 година

217. Информација со Предлог-одлука за утврдување на работите од премерот функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија

218. Предлог-одлука за утврдување на работите на премерот во функција за запишување на недвижност во сопственост на Република Северна Македонија КП. бр. 2233/1 КО Струга (03-262/1)

219. Информација со Предлог-одлука за утврдување на работите на премерот во функција за запишување на недвижност во сопственост на Република Северна Македонија на КП. бр. 1237 во КО Струга (03-287/1)

220. Барање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање или транспортирање на отпад, со Предлог-одлука (Кинотека на Република Северна Македонија)

221. Барање согласност за отпис на движни ствари, доставено од ЈНУ Институт за македонска литература Скопје под број 05-95/1 од 18. 5. 2021 година

222. Доставување на актите за систематизација од ЈНУ Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје

223. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (ЈЗУ Општа болница Велес)

224. Информација за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое ќе врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, со Предлог-одлука (ЈЗУ Универзитетска клиника за кадриологија)

225. Барање за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад за движни ствари, со Предлог-одлука (ЈЗУ ГОБ 8 септември – Скопје)

226. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Јавно претпријатие за водостопанство Лисиче - Велес)

227. Барање согласност за отпис на движни ствари, со Предлог-одлука

228. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (ЈУ Специјален завод Демир Капија)

229. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Министерство за транспорт и врски)

230. Предлог-одлука за давање на согласност со подавка преку нотар да се понуди градежно земјиште на кое Република Северна Македонија е сопственик на најмалку 70% од вкупната површина на градежната парцела на другите сопственици на катастарските парцели од кои е формирана градежната парцела

231. Предлог-одлука за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавното претпријатије за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје

232. Предлог-одлука за давање согласност за пренос на удел во Друштво за производство, градежништво, трговија и услуги Премиум Минерали ДТ ДОО увоз-извоз, Куманово

233. Информација во врска со Договорот за доделување на државна помош склучен на 25. 2. 2015 година, заведен кај Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони под бр. 03-443/1 од 25. 2. 2015 година, како што е изменет со Анекс договор бр. 1 склучен на 17. 8. 2016 година, заведен кај Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони под бр. 13-1231/1 од 17. 8. 2016 година, помеѓу Владата на Република Македонија застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Друштво за производство, трговија и услуги Гентерм Македонија ДООЕЛ увоз-извоз Прилеп и Гентерм Инкорпорејтед (Gentherm Incorporated), со Предлог-одлука

234. Информација по задолжение од Триесет и петтата седница на Владата, за направените анализи за исполнетост на условите за креирање на работни места по договорите за државна помош за компаниите во ТИРЗ, со предлог на следни чекори што треба да се преземат, вклучително и евентуална измена на договорите, согласно изменетите услови предизвикани од КОВИД-19

*

*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го одложи од разгледување Тарифникот за утврдување на висината на надоместоците што ги наплатува Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата, што ќе се одржи на 4 јули 2021 година (среда), со почеток во 14 часот, откако претходно ќе се разгледа на седница на основните комисии на Владата и ќе изврши номотехничко усогласување со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 2**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата со Правилник за инструментот за поддршка: Кофинансирани грантови за комерцијализација на иновации, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата, што ќе се одржи на 4 јули 2021 година (среда), со почеток во 14 часот, откако претходно ќе се разгледа на седница на основните комисии на Владата и ќе изврши номотехничко усогласување со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 3**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за утврдување на висината на трошоците за акредитација и надоместоците за работа на надворешните оценувачи, за наредната седница на Владата, што ќе се одржи на 4 јули 2021 година (среда), со почеток во 14 часот, откако претходно ќе се разгледа на седница на основните комисии на Владата и ќе изврши номотехничко усогласување со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 4**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на проектот за реконструкција на спортска сала Партизан, Општина Карпош и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Агенцијата за млади и спорт да спроведе постапка за јавна набавка за избор на изведувач за реконструкција на спортската сала Партизан, Општина Карпош.

2. Се задолжува Агенцијата за млади и спорт за реализација на реконструкција на спортската сала Партизан, Општина Карпош потребните средства во висина од 70. 000. 000,00 денари да ги обезбеди со следниот начин и динамика на плаќање:

- 7. 000. 000,00 денари во 2021 година;
- 43. 000. 000,00 денари во 2022 година и
- 20. 000. 000,00 денари во 2023 година.

3. Се задолжува Агенцијата за млади и спорт да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има во предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

## Точка 5

